# ОДМАЗДАТА НА БОГОМОЛКАТА

Оља Петрушевска - Томева

***Кратка порака од авторката***

Патот што го чекориме во животот,  одлуките што ги носиме, одговорностите што ги преземаме или не, впечатокот што го оставаме... сето тоа е одраз на најзначајната клетка на општеството – здравото и функционално семејство.

# *1*

Ги отвори очите. Некое време без да трепне гледаше во таванот. Беше мамурна од вчерашната забава. Прозорецот во нејзината соба беше отворен, а тивкиот пролетен ветрец нежно ја нишаше завесата. Пролетното ветре носеше мирис на свежо подготвени кроасани од пекарата што се наоѓаше веднаш под нејзиниот стан. Толку беше гладна што чувствуваше тапа болка во желудникот. Но и покрај тоа што главата ја чувствуваше тешка, како камен од неколкуте испиени пијачки минатата ноќ, како и мачнината во стомакот поради неизмерното чувство на глад, сепак, се чувствуваше особено возбудена. Низ телото како струја ѝ поминуваше измешано чувство на возбуда, среќа и страв. Наеднаш го турна чаршафот со нозете. Се изненади од реакцијата на своето тело, не можеше да се сети дека си зададе таква наредба. Можеби е поради притисокот што го чувствуваше во мускулите, како целото тело да ѝ беше стегнато, во грч. Почна да се превртува низ креветот и да се тегне како мачка. Оваа активност барем за момент ѝ ја намали напнатоста што пулсираше од неа. Мамурна стана и со ногата ги побара влечките. Со раката ја тргна завесата и погледна низ прозорецот. Најпрвин нагоре, кон небото. Беше прекрасно утро, со чисто небо, без ниедно облаче. Дали поради тоа треба да се чувствува убаво? – се праша. А потоа се насмевна и си помисли дека

најверојатно поголемиот дел од луѓето би се чувствувале прекрасно на ваков ден. Како да беше правило дека пролета, сончевото време, тивкото ветре очекувано предизвикуваат среќа, љубов и добро расположение. Не можеше да го разбере тоа. Ѝ беше неразбирливо какво неверојатно влијание има времето врз обичните луѓе.

Потоа погледна надолу, кон улицата што поминуваше токму под нејзиниот балкон. И беше во право. И покрај тоа што беше рано, веќе имаше доста луѓе кои се движеа по тротоарот од главната улицата. На сите лицата им беа светли, сите беа со насмеан израз на лицето. Како сончевите зраци да си играа, цртајќи насмевки на нивните лица. Најверојато најголемиот број од нив одеа на работа. И да, беа среќни, колку тоа и да изгледаше необично. Најверојатно е поради убавиот сончев ден – повторно си помисли и се насмевна. Од пекарата се слушаа гласови. Можеше да забележи дека тоа беа некои деца кои си купуваа појадок за на училиште. И здодеаја тие весели и среќни лица на обичните смртници кои секојдневно чекореа по истата улица, правејќи ги истите ритуали секое утро, со години. Рутината убива! – помисли.

Го затвори прозорецот и ја тргна завесата. Не сакаше повеќе да ги гледа тие насмеани лица. Ја нервираа. Единствено што во моментов очајно ѝ требаше беше ладен туш. Одејќи кон тоалетот ја виде својата фигура во огледалото и застана. На себе носеше црна свилена ноќница, која беше припиена на нејзиното тело и јасно ѝ ги истакнуваше облините. Ја заврте главата на едната, па на другата страна, сакајќи да го истегне вратот на кој висеше синџирче со приврзок во облик на лак и стрела. Приврзокот ѝ беше особено драг. Беше дел од семејното наследство. Но за неа тој претставуваше симбол на борба, самоконтрола, смиреност. Таа го поистоветуваше со самата себе, всушност тој ги претставуваше карактеристиките својствени на добрите ловци и воините. Ѝ се допаѓаше тој украс, и начинот на кој ѝ ги красеше вратот и деколтето, а и дополнително ја правеше да се чувствува посамоуверена и некако секси.

Помина со рацете низ косата, која беше долга, брановидна, црвеникава, со нијанси на бакар. Ги провре прстите од двете дланки како чешел низ косата и ја подигна во кок, па веднаш потоа ја пушти и ја растресе врз рамената. Ја соблеченоќницата и ја фрли пред нозете, гледајќи се во огледалото. Беше сосема гола. Нежно помина со рацете од колковите нагоре низ телото, притоа допирајќи си ги градите. Беше задоволна од своето тело и покрај фактот дека ја  живееше третата деценија. Беше висока, црвенокоса, со пеги на носот и смарагдна боја на очите. Едноставно си се допаѓаше. Мажите не можеа да ѝ одолеат, а таа уживаше во тоа, како што и сега уживаше гледајќи ги своите совршени контури. Ја отвори вратата од бањата и влезе во кадата. Ја намести водата да биде млака и нежно со тушот помина низ целото тело. Го зеде гелот за туширање со мирис на свежа лаванда и со рацете го намачка телото, создавајќи миризлива сапуница. Нежната арома на гелот и допирот на своето тело уште повеќе ѝ ја зголемуваа возбудата. Кожата ѝ беше нежна, мека, со убава боја на тенот. Секогаш се трудеше да најде време да појде на солариум, затоа што не ѝ се допаѓаше природно бледата боја на кожа и пегите што ги имаше по целото тело. Вака беше како исончана, како штотуку да се вратила од некое егзотично место, а тоа и не ретко го правеше. Секогаш кога имаше можност знаеше да замине на одреден период. Таму возбудата и предизвикот беа поголеми. Си се насмевна самата на себеси, присетувајќи се на едно свое неодамнешно патување.

И покрај тоа што водата беше прилично ладна, огледалото сепак беше замаглено. Го избриша телото со крпата, а потоа го избриша и огледалото, за да може да се огледа во него. И во бањата, како и на повеќе места во станот огледалото беше големо, така можеше да се види себеси во природна големина. Го зеде лосионот за тело, кој исто како и гелот за туширање имаше смирувачки мирис на лаванда. Истисна значителна количина од лосионот на раката и почна да се мачка од долу нагоре, почнувајќи од нозете. Тоа го правеше секогаш толку полека и нежно, едноставно уживаше во себеси.

Нозете ѝ беа добро обликувани, исто како и стомакот, градите и рацете. Редовно вежбаше, но секогаш кога можеше утрото го почнуваше со џогинг.

Додека полека го масираше телото, размислуваше за минатата ноќ. Сè беше совршено. Тој едноставно не можеше да го тргне погледот од неа. Ни жената која беше со него не ѝ беше пречка. Додека седеше на шанкот го чувствуваше неговиот поглед како лизга по нејзиниот разголен грб. На моменти кога доаѓаше да нарача пијачка, намерно приоѓаше толку блиски до неа што таа го чувствуваше неговиот здив на вратот. Од мислата која ѝ пројде низ главата целата се наежи. Пресудна беше средбата пред тоалетот и силниот стисок на нејзината рака. Таа совршено знаеше дека тој ќе појде веднаш по неа, а тој претпостави дека пораката на огледалото во тоалетот, напишана со црвен кармин, е наменета за него.

Колку повеќе размислуваше, толку беше повозбудена. Погледна на часовникот. Веќе беше време. Набрзина ги облече црните хеланки, кои совршено го истакнуваа нејзиниот задник. Го навлече краткиот топ, кој ѝ ги покриваше само градите. Ја фати косата во опавче и стави спортско капче. Ги облече патиките и тргна. Претпочиташе наместо да се вози со лифт да ги одбере скалите. Почна да трча со бавно темпо веднаш штом излезе од влезот на зградата. Ја премина улицата и дојде до пешачката патека која водеше длабоко во шума-паркот.

Во овој период од денот во паркот беше скоро празен. Немаше движење на рекреативци, пешаци, мајки со деца. Тоа беше период кога сите беа некаде, на работа, на училиште... На почетокот кога почна да трча одвреме-навреме ќе наидеше на некоја бабичка или дедо кои или седеа на клупите или шетаа куче. Но како навлегуваше подлабоко во шумата стануваше потивко. Се слушаа само птиците, ветерот и звукот што го создаваше силниот брзак кој течеше низ кањонот, а ги следеше паркот и пешачката патеката. Дрвјата стануваа сè погусти и повисоки. Ретко кој доаѓаше во овој дел од паркот, па ни луѓето од градските власти веќе не го одржуваа. Тревата околу дрвјата беше високо

нарасната и густа, а имаше и многу грмушки што го правеа теренот тешко проодлив и недостапен за користење од страна на луѓето. Едноставно овој дел од градот беше заборавен и сосема запуштен. Меѓу луѓето низ градот сè уште се зборуваше за случката од пред дваесетина и кусур години, кога во овој дел од паркот се собирале средношколци за време на летниот распуст. Тука се правеле забави по цели ноќи, а децата кои доаѓале да се забавуваат консумирале многу алкохол и наркотични средства, сè додека еден ден не се случила вистинска трагедија. Масовно убиство. Несреќната вест ја пренеле три девојчиња кои оделе на истата забава, но, за среќа, задоцниле, инаку и тие би биле дел од жртвите кои настрадале таа кобна ноќ. Петнаесетина деца биле смртно застрелани. Полицијата со месеци се обидувала да ја открие вистинската причина за убиството на децата, да најде докази, да го пронајде убиецот, да најде евентуални сведоци кои виделе или слушнале нешто таа ноќ. Но попусто, докази немало, сведоци немало, убиецот го немало, оружјето како да пропаднало во земја. Трагедијата да биде уште поголема, едно од момчињата кои биле на забавата, седумнаесетгодишниот Марк, едноставно го снемало, како земјата да го проголтала. По некое време неуспешно трагање, бил прогласен за исчезнат и никогаш не бил пронајден, исто како и убиецот. Цела година родителите на убиените деца протестирале пред полициската станица, едни поради тоа што сметале дека полицијата е неспособна да го расветли најтешкиот случај кој некогаш му се случил на градот, а други поради тоа што мислеле дека од одредени причини и полицијата е вмешана во сето ова. Имало и такви кои се сомневале во исчезнатото момче, односно верувале дека тој е директно вмешан во убиството на останатите деца. Оттогаш поминале години, но никој никогаш не го решил случајот, за на крај, по цели седум години истражување и трагање по телото на исчезнатото момче, што секако завршило но без ефект, да биде решено случајот да се затвори без завршница. Затоа ова место беше озлогласено и никој не сакаше ни да помисли да се рекреира во овој дел од парк- шумата. Луѓето едноставно се плашеа дури и да

помислат да бидат во близина на ова грозоморно место, но не и таа. Таа просто уживаше. Ја исполнуваше мирот, тишината, мислата дека тука не може да сретне никого. Дека тука е сосема сама.

Беше во одлична форма. Трчаше повеќе од еден час, а сè уште не чувствуваше замор. Трчајќи забележа густ сноп сончева светлина што се пробиваше меѓу дрвата. Тука пред неколку години беше исечен значителен дел од шумата и се изгради трафостаница, која требаше да ја акумулира сончевата енергија од сончевите колектори. Но таа инвестиција на општината не успеа, парите пропаднаа, а некои службеници завршија зад решетки.

Како се доближуваше до трансформаторот срцето ѝ чукаше сè позабрзано. Повторно со неа преовлада она чувство на самоувереност, се чувствуваше посакувана, задоволна од себе, задоволна од се. На патеката забележа сенка од човек. Тоа беше тој. Ја прочитал пораката. И сега е тука, само за неа. Помина покрај него без да застане, само ја сврте главата и го погледна, како да сакаше да му каже – спремна сум за тебе. Продолжи да трча. Но го намали темпото, сега трчаше многу полека. Знаеше дека ја следи, дека ја гледа, дека е возбуден и дека е многу блиску до неа. За кратко го смири чекорот, повеќе не трчаше, туку чекореше полека предизвикувајќи го. Од левата страна на патеката се појави дрвена конструкција од стар летниковец. Наоколу имаше густа шума, која правеше дебела сенка врз летниковецот. Од густината на високите гранки, сончевите зраци не можеа да се пробијат. Поради сенката и големата влага, гредите од летниковецот беа обраснати со лијани, а секаде околу имаше густа трева и мов, како сончевата светлина никогаш да не допрела тука.

Таа застана и не вртејќи се кон него, со двете раце се фати за гредите од летниковецот и го истегна телото како змија спремна за парење. Тој се доближи до неа и го почувствува нејзиниот мирис. Неговите движења укажуваа на искуство. Тој беше маж кој точно знаеше што треба да прави за да задоволи жена како неа. Со едната рака ја фати за снопот коса што ѝ беше кревата во реп и провјрен

низ дупчето на спортската капа што ја носеше. Ѝ ја повлече главата наназад и почна да ѝ го бакнува вратот. Се доближи до нејзиното уво и низ заби ѝ прошепоти:

– Ова ли го сакаш? Сакаш грубо!

Со прстите од другата рака нежно поминуваше по средината на нејзиниот грб, движејќи ја раката сè до задникот и меѓуножјето, притоа грубо масирајќи ја нејзината женственост. Ја фати за вратот со двете раце, ја стегна силно оневозможувајќи го протокот на кислород, а веднаш потоа и ѝ ја сврте главата кон неговата. Со неговите усни ја побара нејзината. Таа го почувствува неговиот топол забрзан здив кој мирисаше на кафе со нијанса на млеко. Ѝ се допаѓаше неговиот вкус. Тогаш го почувствува неговиот јазик длабоко во своето грло. Тој бревташе како бик пред парење. Возбудата му искреше од очите. Почна да ја лиже по лицето, по вратот, по кој сè уште ѝ се слеваа капки пот. Таа го следеше во секој чекор, не се противеше на неговите движења и желби и му возвраќаше во иста мера. Силно ја зграпчи за градите и со јаки допири ги масираше стегајќи ѝ ги надразнетите брадавици. Таа водена од возбудата, спонтано го припи задникот кон неговото тело. Тогаш ја почувствува неговата возбуда на своето бедро, неговата машкост молеше да излезе надвор. Толку беше возбуден што притисокот врз нејзиното бедро ја болеше. Ја наведна преку оградата на летниковецот. Таа повторно не се противеше, напротив стоеше без да мрдне, оставајќи ја неговата фантазија да доминира. А таа сакаше тој да ја земе онака машки грубо, на негов начин, онака како што знаат само мажите од неговиот вид. Во моментот кога ѝ ги соблече хеланките, таа ги рашири нозете најмногу што можеше, овозможувајќи му подобар пристап и заемно задоволство на двајцата. Тој со левата рака ја зграпчи за колкот, а другата ја положи врз нејзиното топло меѓуножје и силно ја повлече кон себе. Во моментот кога длабоко навлезе во неа тој испушти силен крик на задоволство. Одредено време телата им се движеа во ритамот што тој го одредуваше, најпрвин беше многу брз, а потоа побавен, но длабок и силен. Таа уживаше во чувството на неговата

машкост која влегува и излегува од неа. Во еден момент таа се тргна и на момент го прекина заемното задоволство. Се исправи и седна на работ од масата која беше поставена во средината на летниковецот. Ги крена нозете и широко ги рашири. Тој застана помеѓу нејзините нозе, ја фати за зглобовите кај стапалата, ѝ ги исправи нозете и уште повеќе ги рашири. Таа беше потпрена со рацете на масата и го гледаше право во очи, смеејќи му се и гризејќи ја устата. И повторно не можејќи да ѝ одолее, тој навлезе длабоко во неа. Тој беше занесен во еротскиот танц што заедно го играа. Тој беше тука, со неа, во неа и уживаше во сето тоа. Таа ја наведна главата кон деколтето и со врвот на јазикот го дофати приврзокот од синџирчето, за потоа да го дофати со левата рака. Таа се доближи до него и почна да му го лиже вратот, притоа грицкајќи ја неговата кожа со врвот на забите. И кога двајцата беа на врвот на екстазата, и се гледаше крајот на ова прекрасно еротско доживување, силен и болен крик го прекина ритмичкото движење на двете тела. Таа падна на масата, а тој се струполи врз неа.

# 2

Ана набрзина се втурна во собата и ја заклучи вратата, прерипа преку креветот и се стутка во најскриениот агол на собата. Целата трепереше, а лицето и блузата што ја носеше беа извалкани од крвта што ѝ шикаше од носот. Со ракавот ги бришеше солзите и крвта од лицето.

Вратата почна да се тресе, кваката се мрдаше нагоре па надолу. – Отвори ти кучко мала, знам дека и ти сакаш да си го добиеш – нервозно и со бес зборуваше машкиот глас од другата страна на врата.

Ана се тресеше и липаше. Рацете ги собра една до друга како да се моли и без престан зборуваше: – Господе, те молам помогни ми, Господе, те молам помогни ми, Господеее...

Ги отвори очите. Нагло срипа, но никој немаше во собата. Беше на истото место во аголот каде што беше и пред неколку часа, пред да заспие. Надвор веќе беше темно. Стана и ја запали ламбата што стоеше на работната маса. Се погледна во огледалото. Целото лице и косата ѝ беа лепливи од крвта. Го допре носот. Ужасно ја болеше. Имаше и оток, кој веќе почнал да помодрува. Како ли ќе оди утре на училиште. Се доближи до вратата и ја залепи главата на неа сакајќи да наслушне дали сè уште има некој пред нејзината врата. Но гласови не се слушаа. Каде ли се мама и Сара, си помисли. И плачот на Ева повеќе не се слушаше. Колку ли е часот, се прашуваше самата и повторно почна да плаче. Се плашеше да ја отвори вратата. Се плашеше за мајка ѝ, за двете сестри. Дали нешто им се случило? Дали пак ги повреди чудовиштето со коешто живеат.

Пополека и тивко ја отклучи врата. Прво ја подаде само главата. Во ходникот  што водеше право кон надворешната врата беше темно, така што не можеше да види ништо. Можеше само да ја забележи придушената светлина што доаѓаше од кујната. Иако се тресеше од страв, појде полека низ ходникот, одејќи на прсти. Веднаш до нејзината соба беше собата на Сара. Забележа дека вратата е полуотворена. Ја поттурна, но внатре немаше никој. Целата постелнина од креветот беше фрлена на подот, а во собата владееше неред. Се стресе од мислите кои ѝ поминаа низ главата. Продолжи понатаму и тогаш го слушна кенкањето на бебето. За миг почувствува среќа кога го слушна гласот на нејзината понала сестричка Ева.  Звуците доаѓаа од кујната. Ја турна врата со страв и ја здогледа мајка си како ја дои Ева.

- Мамо, мамичке моја – се стрча и се фрли покрај нозете на мајка си. Мајка и ја стави едната рака врз нејзината глава и почна да ја милува по косата.

- Исправи се Ана – ѝ рече мајка ѝ. - Ох, дете мое мило, што ли ти направи овој пат тој скот. Повредена ли си? Подигнија главата да викам. Целата си со крв. Носот ти е целиот помодрен. Ах, јас сум идиот што го трпам ова, не сте вие деца виновни да плаќате за моите грешки – плачеше Марија.

- Каде е Сара? -  панично извика Ана.

- Не знам душичке, не знам. Таа дојде да ме одбрани мене, јас ја зедов Ева и се заклучив во спалната. Сигурна сум дека Сара се бореше со гадот. По некое време се се стиши, и мислам дека  успеа да му помогне. Сигурно побегнала,  ја нема во куќава. Но не знам каде е. Помина долго време, но сè уште ја нема. Кој знае што ѝ направи тоа чудовиште.  Марија тивко плачеше залејќи за страдањето на сввоите ќерки.

Ана во истата секунда излета надвор од куќата. Сара, Сара! Ја довикуваше својата сестра  на цел глас. Истрча на улицата, но таму немаше никој. Веќе беше доцна. Нозете ѝ беа мокри, бидејќи газеше во дупките полни со вода од дождот кој без престан паѓаше веќе неколку дена.

Сараааaa, Сарааа – очајно ја довикуваше сестра си. Не внимавајќи каде гази, наеднаш се сопна и се струполи на земјата. Срцето ѝ беше полно со очај и гнев. Го мразеше. Сакаше да го убие. Ах само да можеше, без размислување ќе го сстореше тоа.

Тогаш слушна морничав крик, кој наликуваше на крик на рането куче што цвили за милост. Не можеше точно да одреди од каде доаѓа звукот поради јачината со која паѓаше дождот. Почна да лази, обидувајќи се да наслушне од каде доаѓаат криците. Како се доближуваше до шупата, криците станувaa сè појасни. Тоа не беа крици од куче, тоа беа човечки крици.

- Сара, ти ли си? – викна доближувајќи се до врата. Се обиде да ја отвори, но катанецот беше заклучен. Удираше со ногата, клоцаше, се обиде да ја бутне со рамото, но вратата не попушташе.

- Мамо, Сара е внатре, таа е во шупата! – викаше Ана. Мајка ѝ истрча со бебето во своите раце и ѝ ја подаде Ева на Ана.

- Оди во куќата Ана и повикај полиција и брза помош.

Марија истрча до шупата. Немаше клуч од катанецот. Знаеше дека тој клуч е кај Виктор - нивниот тиранин. Во џебот сè уште ѝ беа клучевите од неговото возило, кои ги украде попладнето кога сакаше да побегне, секако доколку ѝ се укажеше шанса. Влезе и го стартуваше возилото. Немаше друга опција, единствената ѝ беше да ја разнесе вратата од шупата со возилото. Но што ако ја повреди Сара? Илјада мисли ѝ се свртеа низ главата. Но немаше избор, само нагази на гасот и со сета сила удри во шупата. Возилото нагло запре. Марија едвај успеа да ја отвори вратата од возилото која беше заглавена меѓу разурнатите талпи од шупата која штотуку ја разруши. Излезе и со рацете почна да ги расфрла скршените талпи. И тогаш ја здогледа.... Да, тоа беше Сара.

Дотрча и Ана, сè уште носејќи ја Ева во рацете.

- Ги повикав мамо. Полицијата и брзата помош доаѓаат – зборуваше во грч таа. И тогаш ја виде сестра си како

лежи на земјата. Во шупата беше темно, но Ана можеше да забележи дека сестра и е во болка, знаеше дека нешто многу лошо и се случило. Таа се наведна покрај неа, и тогаш забележа траги од крв на нејзиното лице. Сара лежеше на стомак без да се помрдне. Таа беше гола од половината надолу. Панталоните ѝ беа свлечени под колената, а нозете раширени и прицврстени со јаже за металната полица која служеше како складиште за разни глупости кои ги собираше Виктор. Сара лежеше беспомошно, испуштајќи болни крици од устата од која се слеваше свежа крв. Ана не можеше да го тргне погледот од неа. Ја стисна за дланката за да и даде сигурност дека сега, барем овој пат е спасена, додека  солзите ѝ се тркалаа низ лицето миејќи ја закоравената крв, трага од повредата која и неа и ја нанесе Виктор шред само неколку часа. Марија легна на земјата до Сара. Ја галеше по главата. - Тука е мамичка, мила моја, сега ќе дојде помош, ќе бидеш добро. Го соблече џемперот кој беше полумокар од дождот, и ја покри со него, криејќи го срамот кој и беше наненесен.

# 3

Сара трчаше по патеката во парк-шумата. Веќе беше при крај со денешниот тренинг, имаше само уште еден километар. Ги истрча километрите што ѝ беа дневна рутина, но веќе чувствуваше замор. И покрај тоа беше расположена за претстојниот предизвик. Околу 12 часот очекуваше повик од партнерот со кој соработуваше. Работеа во истата компанија, но претставништвата им беа во различни држави. Очекуваше повик во кој ќе и предложи службено патување. Тоа уште повеќе и го зголеми задоволството кое преовладуваше со неа уште од како се разбуди.

Влезе во станот, се истушира, набрзина се облече. Си направи кафе и во моментот кога седна и запали цигара, заѕвони телефонот. Погледна на часовникот – пет минути до дванаесет. Се насмевна и го погледна телефонот. Да, тоа беше тој, Филип, секогаш пред времето.

- Алооо, Сарче, те немам слушнато цел месец – весело звучеше Филип од другата страна на линија. - Се одмори ли? Дали замина на некое егзотично место? - заинтересирано прашуваше Филип.

- Не, дома бев за целиот одмор, не заминав никаде. Сестра ми требаше да ми дојде на гости, но одложи за друг пат. Така одморот ми помина мирно. Постојано одморав и читав книги. – кратко му одговори Сара.

Филип беше нејзиниот партнер, но и најблизок соработник. Во негово друштво таа најдобро се чувствуваше. Всушност, тој на некој начин ѝ беше најдобрата „другарка“. Беа доста блиски, можеби и повеќе од само „обични“

пријатели кои си ги знаат тајните. И сè ќе беше идеално да не постоеше неговата желба за непресушно зборување. Тој секој пат имаше еден куп прашања, а таа не сакаше да зборува многу за својот приватен живот, иако на него тоа не му пречеше. Но и покрај тоа што таа навистина го сакаше, Филип не беше еден од мажите што ја привлекуваа, дотолку повеќе што тој беше геј.

- Што има ново на берзата? – заинтересирано праша Сара.

- Имаме проблем – сега веќе со сериозен глас продолжи Филип. - На берзата веќе одреден период се чувствува нервоза. Цената на нафтата паѓа. До вчера изутрина цената на нафтата на лондонската берза беше непроменета, но вечерта драстично почна да паѓа на американската берза. Сите беа збунети и чекаа. Никој не знаеше каков чекор да преземе.

- На што се должи падот на цената? – кратко праша Сара.

- Вчера доцна вечерта пристигна писмо од ОПЕК во кое се вели дека цената на нафтата паднала за повеќе од два долари по барел, поради склучениот договор за продажба на нафта помеѓу ирачките власти и Курдите – одговори Филип. - Затоа ми треба твоја помош. Па, кога можам најбргу да те очекувам – ја праша Филип. Сара беше спремна позитивно да одговори на неговото барање.

- Со оглед дека немам некој ангажман, мислам дека веднаш ќе можам да се спремам и утре, најдоцна до пладне би била кај тебе – решително одговори Сара.

Таа работеше во меѓународната нафтена компанија ИНТЕРОИЛ, чие главно седиште беше во Кипар. Но компанијата имаше свои филијали низ повеќе земји во светот. Филип работеше во главната филијала во Кипар, но во моментов беше во Софија на испомош. Фирмата не можеше да најде соодветна замена за колегата од софиската филијала, кој долго време беше на боледување. Пред да замине на одмор Сара беше повикана да присуствува на состанокот на одборот на директори, каде ѝ беше предложено таа да го преземе раководството на таа филијала.

Одлуката не требаше веднаш да ја донесе затоа ѝ оставија време да размисли. Сè уште не беше решила дали ќе ја прифати нивната понуда, и покрај тоа што платата би ѝ била значително поголема. Немаше нешто посебно што ја врзува за местото каде што живееше, но сепак прифаќање ново работно место, и тоа во филијала двапати поголема од онаа со која таа раководеше, значеше поголема одговорност и многу повеќе работа.

Сè уште го немаше испиено кафето. Удобно се беше потпрела на облегалката на фотелјата. Запали уште една цигара. Веќе подолго време размислуваше да ги остави цигарите. Почна да пуши уште кога беше многу млада. Имаше само петнаесет години. Всушност кога подобро ќе размислеше имаше и неколку години од животот кога не пушеше. Но, во последно време пушеше многу, а тоа ѝ ја намалуваше кондицијата. И покрај мислите во главата, таа со сета сила го вовлекуваше димот од цигарата и длабоко вдишуваше. Засега имаше чувство дека пушењето има смирувачко дејство врз неа.

Одеднаш почна да плаче. Точно е дека никој и ништо не ја врзуваше со ова место, но што е со спомените. Ако одлучи да се пресели, сè ќе исчезне. Ќе ја снема љубовта, болката, тагата, сеќавањата... Можеби и јас ќе се сменам, на момент си помисли. - Не, не, никогаш – зборуваше гласно и нервозно како да му одговара на некого и тогаш со сета сила замавна со раката по масата. Шолјата, која беше до пола полна со кафе, летна, се удри во ѕидот и се срони на подот во милион мали парчиња. Кафето направи кафени дамки на тепихот и белиот ѕид. Но тоа воопшто не ја загрижи Сара. Како ништо да не се случило, таа стана и одејќи како хипнотизирана застана пред огледалото. Набрзина, махинално ги избриша солзите. Се огледуваше неколку минути, а потоа почна да се соблекува. Носеше лесно лелеаво фустанче кое ѝ беше до колената. Полека го соблече и уредно го закачи на закачалката. Остана во долна облека. Преку градникот си ги милуваше градите, притоа не симнувајќи го погледот од својата силуета. Го откопча градникот, ги симна прерамките, а тој се излизга

пред нејзините нозе. Градите ѝ беа сосем голи. Ги милуваше со двете раце стискајќи си ги брадавиците. Рацете ги спушташе пополека надолу. Со едната рака помина низ папокот и ја проврe во гаќичките. Се милуваше долу, по меѓуножјето. Ја зафрли главата station наназад и за миг ги затвори очите. Го замисли човекот со кој пред малку водеше љубов. Се возбуди. Ѝ требаше повторно сега, и тука. Тој или некој како него, некој што страсно ќе ја посакува. Возбудена од сопствените мисли спонтано ги стави двете раце на колковите и странично ги пикна во гаќичките, спуштајќи ги надолу. Тогаш ги отвори очите и повторно се погледна. Беше сосем гола.

Прекрасна си, ми требаш, ти си единствената која може да ме задоволи, си рече самата на себе. Но тогаш со двете раце силно си го притисна лицето и се доближи премногу блиску до огледалото, кое од близината на нејзиниот здив се замагли. Го испружи јазикот и го излижа замаглениот дел. Ликот ѝ беше целиот искривен од рефлексијата што ја гледаше пред себе. Очите ѝ беа размачкани, црни од маскарата која измешана со солзите ѝ се слеваше надолу по лицето топејќи ги остатоците од размачканиот црвен кармин.

- Одвратна си, – се развика на цел глас – Одвратна си!

И со сета сила удри во огледалото. За момент како да не беше присутна, како тоа да беше некој друг човек кој ја прекорува за нејзиното однесување. Погледна надолу, и забележа дека низ дланката и се слеваат капки крв кои го квасеа паркетот и создава мала баричка. Тогаш се свести и трезвено си ја погледна раката. Имаше длабоки исеченици на повеќе места, но не чувствуваше болка. Во тој миг тоа не беше таа, тоа не беше нејзино тело, тоа беше некоја друга личност која имаше длабоки исеченици на дланките, а таа воопшто не ја жалеше.

# 4

Ана заедно со мајка ѝ и Ева влегоа во возилото на брзата помош. Сара веќе лежеше на болничкиот кревет во медицинското возило, а медицинската сестра беше наведната над неа и нешто и зборуваше. Ана можееше да забележи дека Сара не одговара на прашањата на медицинската сестра, туку само немо и без знаци на живот гледа некаде неодредено. Очите ѝ беа широко отворени, а на Ана и се чинеше дека таа без престан зјапа во светилката која пригушено го осветлуваше просторот во возилото, а одвреме-навреме трепкаше. Ана беше среќна дека Сара е жива, но се чинеше како да не е. Марија се обиде да зборува со неа, но Сара едноставно не се помрдуваше, како да не ги слушаше нејзините зборови. Најверојатно е во шок, си помисли Ана. Медицинската сестра ѝ приклучи инфузија и ѝ стави некаква инјекција.

- Што ѝ дадовте? – праша Ана.

- Средство за смирување и болка. Во агонија е. Не е свесна, но чувствува огромна болка – ѝ одговори медицинската сестра.

- Дали знаете што ѝ е точно? – загрижено праша Ана.

- Не душичке – со насмевка ѝ одговори сестрата. Се надевам дека повредите не се многу сериозни. Физичките повреди ќе поминат, но таа психички ќе треба да закрепне. Сите ќе треба да се трудите околу неа и да ѝ помагате. Се надевам дека ќе биде силна и ќе успее да помине преку сѐ – загрижено ѝ одговори медицинската сестра.

Возилото на брза помош застана и вратата се отвори. Луѓето во бели мантили ја прифатија транспортната количка на која лежеше Сара и со најголема брзина ја втурнаа низ болничката врата, во одделот за итна медицинска помош. Медицинската сестра која се возеше заедно со нив во медицинското возило им рече да почекаат во чекалницата.

Ана беше престрашена. Многу прашања ја вознемируваа. Дали ќе преживее сестра ѝ. Ако преживее, дали ќе има последици? Што ќе прави без неа доколку нешто ѝ се случи? Сара беше постара од неа три години, и секогаш ѝ беше најголемата поддршка. Понекогаш ја чувствуваше како мајка. Не беше сигуна дали ќе може да издржи, да преживее, ако нешто и се случи на Сара.

Нивната мајка, Марија, беше добра жена и најверојатно ги сакаше своите деца, барем така размислуваше Ана, односно ѝ беше нормално мајката да си ги сака и да се грижи за своите деца. Но Марија имаше проблем, таа беше жена без почит кон себе. Едноставно зависеше од мажите со кои живееше, и им беше потчинета. Таа не се чувствуваше доволно добра, доволно силна, храбра да смени нешто, беше понизна и веројатно во депресија. Сите три сестри беа од различни мажи, односно имаа различни татковци. За таткото на Сара, првиот маж на Марија, Ана знаеше дека ја избркал од дома додека таа била трудна со Сара. Едноставно еден ден дошол дома со друга жена, а Марија „со стомак до забите“ ја исфрлил од својот дом. Затоа Сара не го ни познаваше својот татко. Потоа мајка ѝ го запознала нејзиниот татко. Таткото на Ана. Тој бил најдобар од сите, барем Ана така знаеше од работите кои и ги имаше раскажано баба и. Тој бил единствениот кој не ја тепал и не ја избркал Марија од својот дом. Неговите родители, бабата и дедото на Ана, биле изречно против нивниот брак. И покрај тоа Марија важела за неморална жена која што веќе имала дете од друг маж, немала постојана работа и живеела со цимерка со која делела евтино мало собиче во најлошиот дел од градот, сепак татко ѝ на Ана